PEFC
PEFC/10-31-1247

Création : bd-ntwk – Réalisation : Gutenberg Networks – Edition : Altavia Paris
Automobiles Peugeot RC Paris B 552 144 503 – Printed in Macedonia – August 2010

Печат на импортерот/дилерот

www.peugeot.com.mk




RCZ | PEUGEOT

ОД КОНЦЕПТ ДО РЕАЛИЗАЦИЈА

# ПРИКАЗНАТА ПРОДОЛЖУВА

Смелиот концепт на возилото прерасна во уште посмела реалност. Ова е возило што предизвикува силни чувства и обележува ново поглавје во историјата на Peugeot. Нашата нова приказна започнува со RCZ.



# PEUGEOT И ВИЕ

Мрежа и услуги

# RCZ

Да одберете Peugeot, значи дека на располагање ќе имате огромна дилерска мрежа во склоп на која: приемот, професионализмот, перформансите на опременоста и квалитетот на услугите Ви гарантираат оптимално задоволство. Така Вие сте сигурни дека сте се обратиле кај специјалисти кои Ве слушаат, ги разбираат Вашите барања и одговараат соодветно и ефикасно. Има ли подобар и подоверлив бренд со кој би се врзале долгорочно?

## ЗА ВАШИОТ МИР

### Peugeot гаранција

Квалитетот кај Peugeot, е исто така состојба на духот: предности - во склоп на мрежата, гаранција на резервни делови и работна рака во траење од 2 години, неограничен број на поминати километри и 12 години гаранција од корозија.

### Peugeot пакети

Проверки и одржување, две единствени и персонализирани формули за слободно возење. Од помош на патот, до поправка во случај на дефект, заменување на изабени делови, Вие самите изберете го нивото на интервенција на Вашето возило и искористете ја гаранцијата за Peugeot квалитет. Така пред Вас се отвора цел еден ослободен простор.

### Палета оригинални резервни делови Peugeot

Гаранција за квалитет, безбедност и доверливост, секој од нашите Peugeot оригинални резервни делови е тестиран и строго проверен за Ваша безбедност. Тие се под гаранција и со работна рака во мрежата Peugeot во траење од една година.

### Peugeot на интернет

Откријте го Peugeot на интернет, посетете ја нашата адреса: http://www.peugeot.com

**Македонската интернет страница е:**
http://www.peugeot.com.mk

Во контекст на политиката на постојано подобрување на производот, Peugeot може во секој момент да ги модифицира техничките карактеристики, опремата, опциите и боите. Актуелните техники на фотографска репродукција не дозволуваат, верно репродуцирање на сјајот на боите. Така, оваа брошура која се состои од информации од општ карактер, не претставува обврзувачки документ.

За сите појаснувања или дополнителни информации, Ве молиме да се обратите кај Вашиот дилер. Делови од каталогот не смеат да бидат репродуцирани без наменска дозвола од Automobiles Peugeot.




AW 108 MU

# ЕМОЦИИ НА СТИЛОТ

Триумф на стил и техничка супериорност - Peugeot RCZ. Заобленатa „double bubble“ линија на кровот и задното ветробранско стакло, не ја потврдуваат само техничката супериорност, туку го прават RCZ единствен во категоријата. Кровот е продолжен така што формира една флуидна целина со задното ветробранско стакло, што дополнително ја зголемува аеродинамичноста.





# ИЗРАЗ НА СОВРЕМЕНОСТА

Нагласена со алуминиумските кровни лакови, силуетата на RCZ е дизајнирана да ја максимизира динамиката на возилото. RCZ изгледа достоинствено – особено се забележуваат цврстите и затегнати контури, со истакнатите предни крила, длабоко извајаните странични делови и  заоблените задни крила. Финалниот впечаток е силен и моќен автомобил!


AW 108 MU


AW 108 MU







# НЕВЕРОЈАТНА ЗАВОДЛИВОСТ

RCZ, сензација во изобилство.

Стилизираната инструмент табла може целосно да биде прекриена со најсовремен материјал или да е персонализирана со една од неколкуте префинети кожни ентериери. Структурата во внатрешноста на кабината изобилува со динамични линии, додека пак впечатливите метални детали поставени на инструмент таблата предизвикуваат воодушевување и се единствени само за RCZ.

# ВРВЕН КВАЛИТЕТ КАЈ СЕКОЈ ДЕТАЉ

Вложено е премногу внимание во одредување на стилот и изборот на материјали за елементите во внатрешноста. Секој елемент е произведен со максимална грижа без разлика дали станува збор за кожа* со двојно порабување, за хромирани или пак за алуминиумски детали

Лесно забележлив е врвниот квалитет на мека и префинета текстура на инструмент таблата. Таа заедно со седиштата може да има интегрирани детали од фина Nappa кожа* која предизвикува супериорно чувство.

Седиштата се со целосно нова конструкција создадена така за да му понуди на возачот потполно ниска ергономска положба во склад со високото ниво на удобност, која е карактеристична за спортските автомобили.

* Опција









# ЛИЧЕН ПРОСТОР

Спортските седишта го следат обликот на RCZ вклопувајќи се во совршена хармонија. Управувачот и командите се беспрекорно приспособени кон дланките зголемувајќи го чувството на комфор и контрола.

Поради ергономската и ниска позиција на седење ќе ги почувствувате управувачките квалитети на возилото.

Префинетиот звук на моторот при забрзување, врвниот квалитет на звучна пропустливост и вибрациите присутни при процесот на сопирање, ќе Ви овозможат целосно уживање во амбиентот на RCZ.

Заземете го Вашето место зад управувачот и патувањето може да започне.







# СЕНЗАЦИЈА КАКО НИКОГАШ ПРЕТХОДНО

RCZ е ексклузивно купе кое не само што привлекува внимание, туку и овозможува врвно задоволство при возењето дополнето со „страсна“ врска меѓу патот и ова купе.


AW 108 MU



**1.6L THP 200 KC со 6-степен мануелен менувач**

Ова уметничко дело ги истакнува сите позитивности на шасијата. Максималниот вртежен момент се движи од 255Nm при 1.700 врт/мин, максималната моќност од 147 kW при 5.500 врт/мин. Забрзувањето од 80 до 120 km/h е за 6,5 секунди во петта брзина, додека пак забрзувањето од 0 до 100 km/h е за 7,5 секунди. Комбинираната потрошувачка на гориво изнесува 6,9 L/100 km со емисија на $CO_2$ од 159 g/km).

*постојана работа на моторот.

БЕНЗИН

**1.6L THP 156 KC 6-степен мануелен менувач**

Овој турбобензинец со директно вбризгување постигнува забележителна синтеза помеѓу перформансите. Со вртежен момент од 240 Nm на 1.400 врт/мин и максимална моќност од 115 kW при 6.000 врт/мин, оптималната потрошувачка на гориво е 6.7 L/100 km и емисија на $CO_2$ од 159 g/km кај возило со мануелен менувач.

БЕНЗИН

**1.6L THP 156 KC 6-степен автоматски менувач**

Истиот мотор е достапен и со 6-степен секвенцијален автоматски менувач.

БЕНЗИН

**2.0L HDi FAP 163 KC 6-степен мануелен менувач**

Со капацитет од 1.997 $cm^3$, овој мотор дистрибуира голема сила. За да се здобие со овие перформанси, тој содржи ECCS тип следна генерација на комора за согорување како и мала инерција, варијабилна геометрија на турбополнач и пумпа под висок притисок. Овој блок дозволува користење на максимум предности на RCZ за однесување на патот, а при тоа одржувајќи ја потрошувачката на едвај 5.3 L/100 km при комбинирано возење, со 139 g/km емисија на $CO_2$.

ДИЗЕЛ

# ПРЕФИНЕТИ ЕМОЦИИ

Моторите на Peugeot RCZ не се само развиени да одговараат на стандардите на возилото, туку и да ги задоволат барањата на модерните возачи кои се експерти за уживање во возењето. Вистината се назира во изборот на мотори кои се моќни во секоја смисла на зборот: вртежен момент и моќност, ниска потрошувачка на гориво, ниска емисија на $CO_2$ како и усогласеност со Euro NCAP 5 стандардите.

Искуствата на производителот, кога се во прашање стабилноста, држењето на патот и безбедноста, се искористени во потполност за да се зајакне динамиката на моделот RCZ. Овој модел е проектиран со цел да овозможи целосно ново искуство при возењето.

Peugeot RCZ има зајакната суспензија - предна суспензија pseudo Mac Pherson и задна суспензија со деформабилна спојна греда. Задниот трап има цврсти спoеви, а шасијата на возилото и тежиштето се спуштени за да се обезбеди подобро однесување на патот. Кај моторот 1.6 THP 16V 200 KC, предната суспензија има специјална пониска торзиона оска што овој автомобил го прави пожив и поподвижен. Тркалата кај Peugeot RCZ можат да бидат 18“ алуминиумски фелни како стандард и 19“ алуминиумски фелни како опција, кои обезбедуваат беспрекорно држење на патот и кореспондираат со спортската природа на моделот.

# PEUGEOT И ОКОЛИНАТА

Peugeot нуди широка гама на возила со ниска емисија на $CO_2$, повеќе од половина од продажбата во светот се возила кои емитуваат помалку од 140 g на $CO_2$ за 1 km. Овие перформанси се потпираат на докажана технологија во којашто Peugeot ја има лидерската улога. Дизел моторот во комбинација со филтерот за честички (лансиран во 2000 година кај Peugeot 607) до сега е поставен во повеќе од 2.1 милион возила (99,99% редукција на емисија на штетни честички).



# RCZ, СЕ ГРИЖИ ЗА ОКОЛИНАТА

**HDi FAP**
Технологијата HDi во комбинација со филтерот за честички со високи перформанси (FAP) ги процесира гасовите од дизел моторите и помага да се елиминираат честичките од чад сведувајќи ги на најмало мерливо ниво од 0.004 g/km и при тоа заштитувајќи ја околината.

**Индикатор за промена на брзина***
Овој индикатор му сигнализира на возачот кога е најоптималниот момент за промена на брзината. Со ова потрошувачката на гориво ќе биде позиционирана на оптимално ниво кај моделот опремен со мануелен менувач.

* Достапно во зависност од верзијата на моторот

# ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО

| Стандардизирана потрошувачка на гориво, мерена од страна на UTAC | Бензин | | | Дизел |
|---|---|---|---|---|
| | 1.6L THP 200 KC BVM6* | 1.6L THP 156 KC BVM6* | 1.6L THP 156 KC BVA6** | 2.0L HDi PEF 163 KC BVM6* |
| Во град (L/100 km) | 9,1 | 9,3 | 10,3 | 6,8 |
| На отворено (L/100 km) | 5,6 | 5,2 | 5,5 | 4,5 |
| Комбинирана (L/100 km) | 6,9 | 6,7 | 7,3 | 5,3 |
| Комбинирана емисија на $CO_2$ (g/km) | 159 | 155 | 168 | 139 |

*BVM6: 6-степен мануелен менувач
**BVA6: 6-степен автоматски менувач

# БЕЗБЕДНОСТ

**СИСТЕМ ЗА СОПИРАЊЕ И ESP® (Electronic Stability Program / Dynamic Stability Control)**
БЕЗБЕДНОСТ при возењето и во тешки ситуации, Peugeot RCZ поседува комплексен систем за сопирање кој во себе комбинира неколку функции:

- Регулатор против пролизгување (ASR - Anti-Skid Regulation) е систем кој делува на сопирачките и на однесувањето на моторот со цел да го ограничи пролизгувањето на тркалата во случај на губење на контакт со подлогата.
- Динамичка контрола на стабилност (DSC - Dynamic Stability Control) постојано ги споредува емитуваните информации од управувачот и сензорот, со цел да открие и најмало подуправување или преуправување. Тој така го враќа Вашиот Peugeot RCZ на неговата првобитна патека на движење во согласност со законите на физиката.
- ABS (Anti-lock Braking System) систем кој го спречува блокирањето на тркалата при принудно сопирање.
- Електронската распределба на силата при сопирање (EBFD - Electronic Brake Force Distribution) го контролира притисокот при сопирање врз тркалата за поголема ефикасност особено во свиоци.
- Со помош при нагло сопирање (EBA - Emergency Braking Assistance) се зголемува ефективноста при сопирање доколку е тоа потребно.
- Детектор за контрола на притисокот во пневматиците* ја следи нивната состојба и дава известување во врска со две нивоа: доколку се под дозволената граница на надуваност  или доколку постои пукнатина.

* Во зависност од нивото на опрема

**Интелигентна контрола на пренос врз тркалата**
Интелигентниот систем за контрола на пренос врз тркалата додава нова функција во конвенционалната контрола на пренос. Овој систем асистира при детектирање на специфични ситуации на патот кога истиот е прекриен со снег или лед. Во овие ситуации системот за интелигентна контрола на пренос ја заменува функцијата на регулаторот против пролизгување (ASR - Anti-Skid Regulation) и го намалува пролизгувањето на предните тркала при што се овозможува подобро стартување на возилото и контрола на патот.

**Активен заден спојлер**
Гарантирајќи ја стабилноста при сопирање, Peugeot RCZ е опремен со приспособлив спојлер, кој самиот се приспособува во зависност од брзината на возилото. Овој спојлер обезбедува дополнителна аеродинамична ефикасност во задниот дел од возилото, подобрувајќи го држењето на патот.

**Воздушни перници**
За да се овозможи високо ниво на безбедност, Peugeot RCZ е опремен со возачко и совозачко воздушно перниче напред чиј притисок се адаптира во зависност на интензитетот на ударот, како и странични воздушни перничиња вградени во структурата на седиштата.

**Сигурносни ремени**
Четирите безбедносни ремени поставени во Peugeot RCZ се опремени со пиротехничко затегање и ограничувач на силата.

## Зголемена безбедност

И кај моделот RCZ филозофијата на Peugeot повторно е застапена преку понудената широка палета на опрема со што се овозможува максимална безбедност. Како дополнување на држењето на патот кое е на високо ниво, конструкцијата на возилото и прецизните димензии придонесуваат за задржување и апсорбирање на фронталната и страничната енергија при удар. Тоа е зголемено со интелигентна опрема.




RCZ

# ПРОСТОРНОСТ И ЕСТЕТИКА

Естетика комбинирана со практичност. Доколку патувате на подолг викенд, Peugeot RCZ нуди изненадувачки голем простор којшто би се очекувал за купе верзија. Багажникот е со дарежлив волумен од 384L (еквивалент на течност и 321 $dm^3$ по VDA методот). Екстра волумен на багажниот простор може да се обезбеди преку преклопување на потпирачите од задните седишта, при што максималниот волумен тогаш изнесува 760L (еквивалент на течност или 639 $dm^3$ по VDA методот). Многу внимание е посветено на стилот и финалната обработка каде багажниот простор е обложен со килим и хромирани безбедносни ремени како стандардна опрема.

# ВИСТИНСКО 2+2 КУПЕ

Две дополнителни седишта едноставно нудат повеќе можности.... Двете задни седишта внимателно се обликувани и дизајнирани во хармонија со предните седишта. Тие се поставени директно под кровот “double bubble“ овозможувајќи поголема висина и простор за патниците одзади. За да постои висок степен на комфор во моделот RCZ размислувано е и до најмалите детали. На пример кога пристапувате до задните седишта меморираната позиција на потпирачот на предното седиште се воспоставува повторно автоматски кога седиштето ќе се врати во првобитната позиција.





# ТЕХНОЛОГИЈА

Благодарение на широката палета на технолошка опрема понудена кај RCZ, Вие ќе можете да уживате и да се релаксирате за време на патувањето. Опремата се состои од систем за навигација / ограничувач на брзина, аудио помош за паркирање наназад, како и JBL Hi-Fi систем како опција дизајниран особено за комфорот на патниците.

Peugeot RCZ нуди избор на аудио и телематик опрема со опција за врвен медија и сателитски навигационен систем, кој вклучува GPS навигација со 3D европска мапа и hard drive. Конекцијата на USB (со hands free Bluetooth) е стандардна карактеристика за RCZ.


10:10
ESPACE
EUROPE 104.7 MHz
20°c

# БОИ

Избрана е елегантна палета од 8 акрилни, металик или перла бои кои го истакнуваат изгледот на алуминиумските кровни лакови, "double bubble" формата на кровот и задното ветробранско стакло.

## МЕТАЛИК ИЛИ ПЕРЛА БОИ
(опција)



Pearl бела



Tourmaline црвена



Shark сива



Nera црна



Sidobre сива



Tuanake синa

АКРИЛНИ БОИ



Haria сива



Opal бела

# ТКАЕНИНИ





# ОПЦИЈА НА FRISSON ИНТЕГРАЛНА КОЖА

Оваа тенка, фина и мека кожа со елегантна нијанса на сиво-сина боја (специјално развиена за Peugeot RCZ) одекнува во светот на врвните спортски возила. Инструмент таблата и седиштата се обложени со Frisson Nappa кожа, како и внатрешниот дел на вратите и средишниот дел на централната конзола "U" која продолжува сè до врвот. Централниот потпирач и страничните потпирачи за раце се во црна Mistral Nappa кожа.

1. Тапацир на вратата
2. Мануелен менувач
3. Хромирани делови со сатенски сјај и кожа на управувачот
4. Контролна табла












# ОПЦИЈА НА LAMA ИНТЕГРАЛНА КОЖА

Изборот на Nappa кожа во многу светла боја создава софистициран и елегантен контраст помеѓу тапацирот на седиштата со Lama кожа, маската и тапацирот на вратите во црна кожа.

Седишта од кожа и седишта од други материјали (за повеќе детали погледнете ги ценоновникот и листата на спецификации за RCZ ).



## ОПЦИЈА НА MISTRAL КОЖА

Црната Mistral Nappa кожа со којашто се обложени седиштата го зајакнуваат спортскиот, префинет карактер на RCZ. За модерена и најсовремена појава, инструмент таблата на RCZ, деловите кај вратите и горните лакови кај покривот се целосно обложени со иновацијата на Peugeot т.е. со мазната текстура на TechnoPVC материјалот.

Седишта од кожа и седишта од други материјали (за повеќе детали погледнете ги ценоновникот и листата на спецификации за RCZ ).



# ТАПАЦИР ОД ТЕКСТИЛ

Првокласната и најсовремена 3D ткаенина во комбинација со мазната текстура на TechnoPVC материјалот ги прекрива инструмент таблата, горните делови кај вратите и потпирачите за раце.



# АЛУМИНИУМСКИ ФЕЛНИ

Динамичниот и елегантен карактер на RCZ е нагласен со избор на 18" и 19" тркала во спортски модерен стил.



Original 18"



Original 18" темно сива*



Original 18" Full Pirit сива*



Terrific 18"**



Sortilege 19"*



Sortilege 19" Onyx црна*



Sortilege 19" Midnight сребрена*



Solstice 19" Onyx црна*



Solstice 19" Anthra сива*

* Опција.
** Достапно како рекламен материјал.

Ве молиме погледнете ги ценовникот и спецификацијата на RCZ за повеќе детали во врска со стандардно вградени тркала и достапност на дополнителната опрема.



# ДОПОЛНИТЕЛНА ОПРЕМА

Нагласете го ексклузивниот и исклучителен карактер на RCZ како и Вашиот личен стил, преку вградување оригинална, стилска и најсовремена дополнителна опрема.

## СТИЛ

1 ПРЕДЕН СПОЈЛЕР
2 АЛУМИНИУМСКИ ФЕЛНИ TERRIFIC 18"




## МУЛТИМЕДИЈА

### WI-FI ВО ВОЗИЛОТО

Благодарение на уредот Wi-Fi кој може да биде инсталиран во багажникот на RCZ, патниците ќе можат да ги поврзат нивните лаптопи или други конзоли и да пристапат до сите интернет апликации (е-маил, веб страни итн).



## ТРАНСПОРТ



НОСАЧ ЗА ВЕЛОСИПЕД

## ЗАШТИТА



ЗАШТИТНА ПОКРИВКА

## БЕЗБЕДНОСТ




1 АЛАРМ ПРОТИВ КРАЖБА
2 АУДИО ПОМОШ ЗА ПАРКИРАЊЕ НА НАПРЕД

Ве молиме погледнете ги ценовникот и спецификацијата на RCZ за детали на компатибилноста / достапноста на дополнителната опрема.

# ДИМЕНЗИИ

Секоја линија е префинета и перфектно пропорционална за да креира спортско купе со голем баланс и хармонија. Односот ширина-должина-висина и атлетските извајани форми го дефинираат неговиот софистициран стил и ги зајакнуваат динамичните и аеродинамичните квалитети за оптимално држење на патот.



# ТОА Е ВАШ ИЗБОР ...

Големата палета на кровни лакови дозволува индивидуализација во различни бои (матникаво хромирана, шампањ). Со алуминиумски фелни расположиви во 18" и 19" и со неколку завршни обработки (мат црна, темно сива), Briliant црна маска, црни капачиња на ретровизорите,... Peugeot RCZ станува навистина уникатен и личен предмет.

ПРЕМИНИ

Изборот на транспарентни мат премини му даваат дури поиндивидуален изглед на RCZ.



ПОГЛЕДНЕТЕ ПОВЕЌЕ ЗА RCZ... >>

**На Вашиот iPhone превземете ги апликациите од app просторот или директно тагувајте го Вашиот app iPhone.**

* Тагот ќе биде препознаен како специфична iPhone апликација.

КРОВ

Персонализирајте го кровот на RCZ со школка од вистински карбон, токму како оригиналното концептно возило. Овој посебен материјал ја зголемува ексклузивноста и карактерот на високата технологија на RCZ.

БОЈА НА ЛАКОВИТЕ

Направете двата алуминиумски лака на RCZ да се истакнат со посебна матникаво хромирана или шампањ боја.



КАПАЧИЊА ЗА РЕТРОВИЗОРИ

Уште една компонента за персонализација. Капачињата за ретровизорите го потврдуваат модерниот и врвен карактер на RCZ.

ПРЕДНА  МАСКА

Елегантниот  спортски стил на RCZ може да се подобри со црн преден спојлер и/или Briliant црна решетка.

АЛУМИНИУМСКИ ФЕЛНИ

Истакнете го присуството на 18" или 19" алуминиумски фелни преку различните бои и стилови.

СТЕГА НА ДИСК СОПИРАЧКА

Додадете црни  сопирачки стеги за поголем спортски изглед .

Ве молиме подледнете ги ценовникот и спецификацијата на RCZ  за детали на компатибилноста / достапноста на дополнителната опрема.

# ПРИМЕРИ НА ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА

Овој модел може да биде персонализиран преку игра меѓу смели и елегантни контрасти на: бело и црно, хром и карбон, Briliant сјај и темен интензитет.





**Кров од вистински карбон**
Персонализирајте го кровот на RCZ со школка од вистински карбон, токму како оригиналното концептно возило. Овој посебен материјал ја зголемува ексклузивноста  и карактерот на високата технологија на RCZ.

**Капачиња за ретровизори од карбон**
Капачињата за ретровизорите се понудени од вистински карбон и го потврдуваат врвниот и модерен карактер на RCZ.

**Црни сопирачки стеги и алуминиумски фелни**
Тркалата и сопирачки стеги кои се бојадисани во сјајно црна боја го дополнуваат спортскиот изглед.

**Briliant црна решетка**
Елегантна решетка во Briliant црна боја за поексклузивен раб.

**Матникаво хромирани кровни лакови**
Направете двата кровни лака кај RCZ да се истакнат со посебна матникаво хромирана или шампањ боја.







# ПРИМЕР ЗА ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА

Овој модел се осмелува да усвои поспортски стил со избор на мат ефект на каросеријата со премин кон металик боја.
Изборот на три дизајни на премин го трансформира RCZ од сите агли.





1

Моето RCZ n°1
Лента, опкружена со две тенки линии ја декорира хаубата, багажникот и долната страна на вратите.

Моето RCZ n°2
Мат стикер со двојна лента го декорира долниот дел на вратите, хаубата и багажникот.

Моето RCZ n°3
Тенка лента, поставена на десната страна, го истакнува горниот дел на вратите, хаубата и багажникот.



2



3

# www.peugeot.com.mk

За да дознаете повеќе за Вашиот Peugeot RCZ, конфигурирајте го Вашиот модел во 3D и информирајте се  за спецификацијата, дополнителната опрема, персонализацијата и одржувањето на RCZ. Посетете ја веб страната www.peugeot.com.mk или www.peugeot.com

